		На 23.12.2023 година го посетивме Собранието на Република Северна Македонија и Институтот за духовно и културно наследство на Албанците во Скопје. На 01.03.2024 година нашите ученици се квалификуваа со успешни резултати, каде што на 19.04.2024 година на натпреварите на Економската олимпијада во организација на Институтот Либерална Алтернатива на национално ниво, нашето училиште го претставуваше ученичката Армина Ибрахими под менторство на професор Ерол Рамадани, која постигна многу добри резултати со пласман **во првите 50 од 1275 студенти**. Учениците во 7-8 март 2024 год. заедно со наставниците промовираа активности за „почиста животна средина„ цртаа цртежи за чиста средина, читаа поезии за самосвеста на општеството. Исто така реализиравме „ден на матуранти„ за промовирање на училиштето каде што учениците подготвија традиционални јадења за гостите од основните училишта. На 07.03.2024 година нашите студенти заедно со професорите Мирдие Етеми, Излифете Јашари и Нита Бајрами во Домот на културата „Шота„, организираа манифестација за Денот на наставникот, на која се претставија со богата уметничка програма. На 18.04.2024 година, учениците со неколку професори го посетија Центарот за конзервација во Гостивар за меѓународниот Ден на културното наследство. На 17.05.2024 година училиштето го организираше „Отворениот ден“, на кој сите ученици од деветто одделение, од сите основни училишта, од Општина Врапчиште, учествуваа во различни спортски активности и беа презадоволни од реализацијата на овие активности. На 23.05.2024 година нашите ученици со професорот, Мухамед Весели, од ликовна уметност учествуваа на натпреварувачката Изложба во XVI пролетен салон - на републиканско ниво каде што ученичката Езана Бајрами ја освои наградата **за второ место.** За промовирање на Факултетите, имавме соработка со професорите на некои факултети, со кои успешно ги реализиравме активностите со матурантите.

		Учениците учествуваа и на општински спортски натпревари каде девојките освоија **второ место** во одбојка.
5.3	**Еднаквост и правичност**	- **5.3.1. Познавање на правата на децата:** Учениците на ниво на училиште избираат ученичка заедница а на ниво на клас класна заедница. Нив ги избираат на демократски начин, самите во присуство на наставници или управата на училиштето. За своите права се запознаваат уште во прва година на класните часови за што наставниците добиваат брошури за правата и обврските на учениците. На класните часови, класните раководители реализираат наставни содржини, при кои учениците се запознаваат со своите права и обврски. Исто така и родителите на родителските средби се запознаваат со правата и обврските на учениците. • **5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици:** Во нашето училиште сите ученици без разлика на националната, верската припадност еднакво се третирани од страна на училиштето. .**5.3.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот:** Во нашето училиште сите активности од сите области се вршат со ученици од сите години (спортските натпревари, активностите на унијата на учениците, патронат на училиштето, денот на екологијата,проекти и сл.)
5.4	**Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**	- **5.4.1.Соработка на училиштето со родителите:** Во училиштето успешно функционира стручна служба(психолог) која одржува индивидуални, групни советувања на родители. Тие се вклучени и во проекти преку советот на родители за информирање и планирање на активности за изведување на екскурзии од втора и трета година. При што на прашањето за сотаботката позитивно се изразиле над 81.6% потполно се согласуваат и 18% од родителите делумно се согласуваат. Класните раководители во текот на учебната година најмалку 4 пати организираат родителски средби.

- **5.4.2. Соработка со локална заедница:** Со локалната заедница во ниво на општината, еколошките акции, средношколската унија на младите, се остварува соработка со бизнис секторот преку стекнување на вештини за менаџирање (барање донации за средношколските активности, учество во заеднички проекти на општината: Безбедни училишта,вештини на адолесценција,Денот на дрвото Еколошки активности и др).
- **5.4.3. Соработка со деловна заедница и невладиниот сектор:** Се организира соработка преку проекти со невладини организации во општината и државата. Соработката се одвива преку подрачното Министерство за образование од општината.

Јаки страни:

- Кодекс на однесување на ученици и Кодекс на однесување на наставници
- Целосна подршка на учениците од старна на наставниците,стручната служба и управата на училиштето во прилагодување кон наставниот процес и успешно решавање на проблематични ситуации при разрешување на конфликти
- Соработка на училиштето со Државни институции од образованитео и други.

Слаби страни:

- Соработка со локална заедница:
- Соработка со деловна заедница и невладиниот сектор
- да се подобри промовирањето на стручната струка – медицинска сестра со своите активности во локалната средина (медиум, флаери и сл).

Приоритети –

- Зачувување на позитивната клима и на заедничкото работење и живеење во училиштето со надградување на активности меѓу учениците, наставниците и родителите
- Превземање на организирани активности за остварување на поголема соработка на училиштето со родителите
- Подобрување на училишната клима со сите елементи во неа (односи меѓу вработените преку конкретни активности, меѓу наставници и ученици, добро организирање на договорените активности за унапредување на наставниот процес и сл.)
- Подобро промовирање на училиштето во локалната средина и пошироко.

Изработиле :

Проф. по Филозофија: Ријадин Беџети _____

Проф. По Географија: Бујамин Емини _____

Проф. По Историја Јетон Амети _____

6. Подрачје : Р Е С У Р С И

6.1.Сместување и просторни капацитети
6.2.Наставни средства и материјали
6.3.Персонал
6.4.Следење на развојните потреби на наставниот кадар
6.5.Финансиско работење во училиштето

6.1.Оддел: СМЕСТУВАЊЕ И ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ

6.1.1. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ – Ниво при еваулација - многу добро

По извршениот увид од страна на професорите константирано е дека моменталната состојба со просторните капацитети во СОУ "НЕГОТИНО"е следна:

<u>СОУ "НЕГОТИНО"- Неготино Полошко</u>

12 Училници со projektori
1 Кабинет за информатика
1 Канцеларија за Професори
1 Канцеларија за Директорот
1 Канцеларија за Педагошка Служба
1 Канцеларија за пом. Директор
1 Канцеларија за Секретарот и архиварот
1 Кабинет по Физика
1 Лабораторија по Хемија
1 Кабинет по Биологија
1 Кабинет по Економија, Бизнис, Менаџмент
1 Кабинет по Социологија, Филозофија, Логика
1 Кабинет по Локовна Уметност и Музичка Уметност
8 WC Тоалети

Увидот е направен од страна на следните професори:

1. Лулзиме Адили _____
2. Лејла Фетаи _____
3. Џејлан Зулбеари – Реџепи_____
4. Елмедина Камбери _____

6.1.2. ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Во поглед на искористеноста на просторните капацитети константирана е следнава ситуација:

- Поголем дел од просториите ги исполнуваат условите за изведување на настава според Нормативот и ИКТ,
- Доволни средства за лабораторијата по Физика, Хемија и по биологија ,

6.2.Оддел: НАСТАВНИ СРЕДСТВА И МАТЕРИЈАЛИ

По извршениот увид од страна на професорите константирано е дека моменталната состојба со наставните средства и материјали во СОУ "НЕГОТИНО"е следна:

6.2.1. КАБИНЕТИ

✓ Во склоп на училиштето функционираат 6 кабинети и тоа:

- Еден Кабинета по Информатика,
- Кабинет по Физика,
- Кабинет по Биологија
- Лабораторија по Хемија
- Кабинет по Економија, Бизнис, Менаџмент
- Кабинет по Социологија, Филозофија, Логика
- Кабинет по Ликовна Уметност и Музичка Уметност.

6.2.2. УЧЕБНИЦИ

- ✓ Состојбата со учебниците е следна:

Во ГИМНАЗИЈА и Стручно образование

- ❖ На Албански наставен јазик **ги има сите учебници** по сите предмети од 1-ва до 4-та година, освен Историја за четврта година и Латински јазик за трета година. Исто така недостасуваат сите учебници за стручната струка – медицинска сестра

6.2.3. ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ

- Од потрошниот материјал секогаш има креди и маркери,
- Хартија има секогаш,
- Пенкала и друг потрошен материјал има секогаш.
- Фолии и др.

6.3.Оддел: ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБНИОТ НАСТАВЕН КАДАР

6.3.1. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ И СООДВЕТНОСТ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

По однос на бројот на вработени состојбата е следната:

- Во воспитно образовната работа вклучени се, извршител:
  1 директор, 1 пом. директор
  2 стручни соработници – педагошка служба – ПСИХОЛОГ и библиотекар
  Вкупно се 22 наставници што сите се со високо образование а некои и магистри.
  Машкиот персонал брои 10 професори а женскиот 12 професорки.

6.3.2. ЕФЕКТИВНОСТ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА КАДАРОТ

- Формира тим во кој ќе има и надворешни стручни лица, со цел да изработи план за активно користење на училишните работилници кои истите покрај основната образовна функција ќе бидат и извор на финансии за училиштето.
- Изготвување план како да се претстави училиштето во најдобро светло пред завршените деветооделенци со цел да се зголеми нивниот интерес да се запишат во нашето училиште
- Изготвување понуда, план и програма за вонучилишни активности.
- Изготвуање принципи за соработка со родители и работни организации чија дејност е компатибилна со образовните профиле во нашето училиште - обраќање кон нив со предлог за соработка со училиштето.
- Изготвување план за настап на натпревари.
- Формирање тим кој ќе ги утврди приоритетите во училиштето
- Изготвување и имплементација на циклус на обуки за наставниците.

6.3.3. СТРУЧНАТА СЛУЖБА КАКО ПОДРШКА ЗА НАСТАВНИОТ КАДАР

Албански наставен јазик:

- 100% соодветност на наставниот кадар
- Инструктивни – консултативна работа со наставници при планирањето и подготовката во наставата;
- Соработка при изборот на форми, методи, средства и постапки на работа;
- Советодавна работа преку посета на часови;
- Консултативна работа со наставници и класни раководители:
- Консултативна работа со преставниците на УСАИД за мултиетничка интеграција во образованието.

6.4.Оддел: СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПОТРЕБИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР

6.4.1. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Албански наставен јазик:

Анкетриање на Наставниците:
Сите наставници сметаат дека во училиштето има Досие за наставниците, кое содржи документи (диплома, уверение за положен стручен испит, уверение за педагошко-психолошка доквалификација, работна книшка) и годишни и тематски планови за работа; Сите наставници се информирани за постоењето на портфолио/досие за наставниците;
Училиштето ги следи и им дава помош на наставниците-приправници
Училиштето им дава поддршка на наставниците за подобрување на нивните стручни способности;
Од анкетираните наставници 81% потполно се согласуваат и мислат дека раководството на училиштето им одговара на нивните барања а 19% делумно се согласуваат со ова прашање.





Во прашањето професионалните активи ми помагаат да се подготвам подобро за мојот наставен предмет 42.9% потполно се согласуваат, 52,4 делумно се согласуваат и 4.7% не се согласуваат.

6.5.Оддел: ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

За училишниот буџет се информирани наставниците, учениците, родителите и локалната заедница, преку "Програма за работа и буџет" на гимназијата, која е достапна на сите горенаведени целни групи; Деталното финансиско сметководство (завршната сметка), кое ги содржи сите приходи и расходи на годишно ниво, го води сметководствена фирма и тоа е достапно до директорот, секретарот на училиштето, Управниот одбор и инспекторите;

6.5.1. ПОСТАПКИ СО КОИ СЕ ОБЕЗБЕДУВА ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

6.5.2. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПЛАНИРАЊЕТО И ТРОШЕЊЕТО НА УЧИЛИШНИОТ БУЏЕТ

Документи од сметководството кое се води во училиштето од страна на Директорот:

- Жиро сметки
- Завршни сметки
- Финансиски планови
- Планови за пресметка на плата

Финансиското работење на училиштето се врши преку две жиро сметки.со наменски средства. Првата жиро сметка е од Министерството за образование и наука преку која се финансираат личните примања на вработените. Втората сметка е сметка на сопствените приходи (средства од вонредни ученици).

Сите средства кои се слеваат на жиро сметките се строго наменски и се употребуваат за онаа цел за која се наменети. На тој начин се врши контрола над нивното трошење.

За училишниот буџет и за трошоците, информации има директорот на училиштето и лицето кое раководи со финансиското работење. Секој од вработените може да се информира доколку изрази желба, а на крајот од годината преку изготвените завршни сметки се известуваат и членовите на Училишниот одбор.Преку делегираните членови на Училишниот одбор од страна на локалната заедница, истата добива информации за начинот на финансиското работење на училиштето.

Родителите не се информирани затоа што нема потреба.

Финансиката служба врз основа на однапред изготвени критериуми изготвува финансиски планови однапред за тековната година. Тие планови се изготвуваат за секоја жиро сметка со која располага училиштето посебно. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за одвивање на работењето на училиштето, и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето.

Клучни јаки страни

Гимназијата "НЕГОТИНО"-Неготино Полошко располага со добри просторни услови за изведување на наставата;
Соодветна стручност на наставниот кадар 100%;

Училиштето располага со релативно добра компјутерска опрема и неограничен пристап до интернет; Училиштето располага со одреден фонд на книги кои постојано им се на располагање на учениците;

Потребите од основни средства и материјали за изведување на наставата се одпични (хартија, пристап до фотокопир, компјутери, печатачи, фолии, projektori, фломастери, пристап до интернет, смарт табли и други.

Постојат многу добри услови за изведување на кабинетска настава по предметите информатика, Физика, Биологија, лабораторија по хемија, Социологија, Економија и други предмети.

Постојат многумина учебници за сите предмети на албански јазик;
Библиотеката е активна секогаш за наставниците и учениците.

Присутноста на наставниците и останатите вработени е на високо ниво и е одпично евидентирана;
Постои вреднување на наставниците кое влијае мотивациално;

Постои позитивна клима на соработка и колегијалност;

Постои добра тимска работа;

Наставниците-приправници се воведуааат во воспитно-образовниот процес постепено и континуирано во текот на првата учебна година;

Наставниците се информирани за училишниот буџет;

- Годишниот план за работа на училиштето однапред ги утврдува критериумите за работа за следење на работата на наставниците и постигнувањата на учениците.
- За да се подобрат критериумите за следење и оценување на учениците дистрибуирани се правилници за правата и должностите на учениците во средното образование изработени од МОН и Бирото за развој на образованието.
- Училиштето води постојана евиденција за успехот на учениците и за нивната редовност и по пол и по национална припадност и по години на образование.
- Од извршените анкети може да се констатира дека учениците се задоволни од позитивната клима која владее во училиштето и од ангажираноста на професорите.
- Клучна јака страна на училиштето се резултатите покажани во добиените награди на државните натпревари по спорт и ликовна уметност.
- Редовно се одржуваат манифестации со најразлични поводи со музички точки, литературни читања, драмски изведби и др.
- Осипувањето на учениците е ретка појава, а психолошко-педагошката служба во соработка со родителите и управата секогаш врши консултативни разговори со ученици кои имаат потреба од насока и помош и се труди да го спречи осипувањето на учениците од училиштето.

Слабости

- **Училиштето настојува да се подобри успехот на учениците, но сепак голем број на ученици, родители и наставници не се задоволни од постигнатиот успех.**
- **Наставниците чувствуваат потреба од почеста посета на семинари, обуки по сите наставни предмети.**
- **Подобрување на работата на слободните ученички активности (ограниченост со простор).**

Недостасува просторија опремена со компјутери за секој ученик и др. технологија, која ќе биде наменета за модерна настава со примена на информатичка и др.вид технологија;

Недостасува стратегија-план за едукација на наставниците за информатички знаења (ваквата едукација засега е врз база на проекти и доброволност);

Неопходно е континуирано зголемување на бројот на компјутери, со цел да се обезбеди квалитетна настава по информатичките предмети, но и по сите останати предмети;

Идни активности:

Изготвување стратегија-план за континуирана обука на наставниот кадар за методи на интерактивна настава, примена на ИКТ во наставата, изготвување тестови, оценување;

Изготвување стратегија за поттикнување и интензивирање на интерактивната настава;

Покренување иницијатива-постапка за Изготвување листа на книги кои можеби требало да се набават;

Изготвување попис на библиотечниот фонд;

Изготвил:

1. Лулзиме Адили _____
2. Лејла Фетаи _____
3. Џејлан Зулбеари – Реџепи_____
4. Елмедина Камбери _____

Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

Подрачје 7. Управување, раководење и креирање на политика

Ниво при евалуација: многу добро

Бр.	Идикатори за квалитет	Теми
7.1	**Управување и раководење со училиштето**	• Управување со училиштето • Раководење со училиштето
7.2	**Цели и креирање на училиштето**	• Јасност и соодветност на целите • Процедури за креирање на училишната политика
7.3	**Развојно планирање**	• Цели на развојно планирање • Професионален развој – стручно усовршување на кадарот • Инфраструктура

Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

Индикатор 7.1. Управувањеи раководење со училиштето

Теми	**7.1.1. Управување со училиштето**
	7.1.2. Раководење со училиштето
Извори на податоци	

- Статут на училиштето - Годишна програма за работа на училиштето - Записничка книга од Состаноци на Училишен Одбор - Закон за средно образование - Интервју со преседател на Училишен Одбор - Записничка книга од наставнички совет - Одлуки и извештаи од Училишен Одбор - Програма за работа на директорот - Анкета со наставници, ученици и родители	Училишниот Одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето и истиот го сочинуваат 12 члена и тоа: 3 преставника од локалната самоуправа, 3 преставника од родителите, 4 претставника од наставниците, 1 представник од Министерството и 1 од бизнис заедницата. Надлежностите за управување се јасно дефинирани во одредбите од Законот за средно образование и Статутот на училиштето. Истите во нашето училиште се почитуваат и извршуваат. Состаноците на Училишниот Одбор се одрзуваат секогаш со мнозинство од членовите, ако нема кворум состанокот се одложува. За одлуките на Училишен Одбор, вработените и сите заинтересирани субјекти се информираат преку телефонски пораки. За некои од одлуките се расправа и на наставничкиот совет. Училишниот Одбор активно соработува со просветниот инспекторат (општински и државен), Бирото за Развој на образонанието и со Комисијата за образование при советот на општинската комисија. Раководниот одбор успешно ги следи, ги координира и ги обединува сите гледишта и потреби на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган постојано ја потикнува, развива и следи тимската работа. Донесува праведни и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата кој се заснова на најновите вештини и има способности ефективно да делегира надлежности, да комуницира со учениците, вработените и родителите. Иницира и успешно спроведува промени во работењето на училиштето, и во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и постојано подобрување на имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остварува партнерство со локалната заедница, невладиниот сектор како и други институции кои се поврзани со делокругот на работата на училиштето.
- Програма за работа на директорот - Програма за стручно усовршување на директорот - Правилник за работа на Училишниот совет, - Училишен статут - Лична евалуација и план за развој на училиштето, - Анкети и интервјуа со наставниците и директорот	**7.1.1 Управување со училиштето:** Во училиштето директорот на училиштето ја води, ја надгледува и раководи работата и органите за работа. Училиштето има Управен совет, совет на родители, училишниот совет е конституиран во согласност со законските прописи и статусот на училиштето. Во училиштето целосно е разјаснета поделбата на трудот, каде јасно се дефинирани раководните одговорности, улоги и должности донесени со нормативни акти. Училишниот совет врши работни активности врз основа на програмата за работа, одржува редовни состаноци, редовно учествува, дискутира, донесува одлуки, дава мислења за секоја активност која е дел од работата, а кои се сметаат за квалитетни, на активностите во смисла на напредок во работата, училишни резултати, состаноци се организираат и се спроведуваат врз основа на планирање. Управниот совет успешно ги следи, ги координира и обединува сите ставови и потреби на сите вклучени страни во животот на училиштето. Управното тело континуирано ја поттикнува, развива и следи тимската работа. Донесува правични и одговорни одлуки и има професионален однос кон работата врз основа на најновите

	вештини и има способност ефективно да делегира авторитет, да комуницира со учениците, вработените и родителите. Успешно иницира и спроведува промени во функционирањето на училиштето и во центарот на својата работа ги става постигањата на учениците и постојаното подобрување на имиџот на училиштето. .
Документи запишани во евиденција на директорот - Закон-статус - Програма за работа на директорот - Програма за стручно усовршување на директорот - Правилник за работа на Училишниот совет, - Училишен статут - Анкети и интервјуа со наставниците и директорот	**Тема: 7.1.2. Управување со училиштето** Целите на училиштето се конзистентни со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и имаат за цел подобрување на квалитетот на наставата и подобрување на постигањата на учениците. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, принципите и вредностите на училиштето и училиштето презема нивно реализирање и усовршување, но и ги мобилизира да работат во насока на постигнување на целите, земајќи ги предвид мислењата на родителите и учениците. По проверка на сите записи, комисијата утврди дека целите на училиштето се доволно постигнати. Раководството во училиштето е многу добро организирано, така што целото планирање е речиси завршено, потребите и обврските на заедничкото училиште се реализирани и исполнети, реализацијата на стратешките цели и приоритети на училиштето врз основа на „визијата и мисијата“ на училиштето врз основа на барањата за јасно дефинирање на образовните цели и при оценувањето сите вработени се задоволни од начинот на водење, поддршка, следење, начинот на комуникација, тимска работа при планирање, организација, лидерство, работа во тимот и контролата како главни компоненти на менаџментот во институцијата.

Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

Индикатор 7.2. Цели и креирање на училишната политика

Ниво при евалуација: многу добро

	7.2.1.Јасност и соодветност на целите

Теми	7.2.2. Процедури за креирање на училишната програма
Извори на податоци	
- Записници од Училишниот Одбор - Развоен план на училиштето - Годишна програма за работа на училиштето - Интервју со Директорот - Записници од наставничкиот совет - Записници од советот на родители - Записници од дневници за работа - Анкета со натавници, ученици и родители	**7.2.1.Јасност и соодветност на целите** Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрување на постигањата на учениците. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирање на целите, начелата и вредностите на училиштето. Училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување, но исто така ги мобилизира да работат на остварување на целите, земајќи ги во предвид мислењата на родителите и учениците.
	7.2.2. Процедури за креирање на училишната програма Постапката за креирање на училишните политики со кои се донесуваат и управуваат одлуките е јасна. Мислењата на ученичкиот парламент и совет на родители се земаат предвид. Училиштето ги нема сите нормативни акти - интерната програма - со кои треба да се регулираат нормите и однесувањето на учениците, стандардите и педагошките мерки, оценувањето на учениците, но истите се основани во законот и статутот, покрај ученичкиот кодекс на однесување има и кодекс за наставници и куќен ред за сите вработени, но треба да се направат напори за разјаснување и конкретизирање на стратегиите за постигнување на целите.

Индикатори за квалитет на успешност на работењето на училиштето

Индикатор 7.3. Развој и планирање

Теми	7.3.1 Цели на развојното планирање
	7.3.2 Професионален развој (стручно усовршување на кадарот)
	7.3.3 Материјално технички средства
	7.3.4 Инфраструктура
Извори на податоци	

- Годишна програма за работа на училиштето - План за евалуација - Анкети со учениците - Интервју со Директорот - Интервју со учениците - Интервју со наставниците - Финансиски план на училиштето - Годишен план за јавни набавки	**Тема: 7.3.1. Цели на развојно планирање** Приоритетите на училиштето се планираат врз основа на анализи, евалуации, претходни извештаи (минатите години) земајќи ги предвид условите со кои располага училиштето, обврските и законските должности во обезбедувањето квалитет во образованието, училиштето подготвува и Училишниот совет одобрува план за развој на училиштето. Развојниот план е добро осмислен за 2021/2024 година, во кој се земени предвид резултатите од претходната самоевалуација 2021, внатрешна евалуација, совети од БРО, препораки од интегралната евалуација.
	Тема: 7.3.2. Професионално усовршување / професионална обука на кадар Сите наставници се информирани за процедурите за професионален развој во училиштето, има докази за учество на наставници на интерни обуки и семинари организирани од БРО, УСАИД и други невладини проекти. Училиштето има план за интерна обука врз основа на приоритетите на планот за развој. Го проследува учеството на наставниците на семинари, но треба да се направат напори да се активираат и ангажираат мал број од наставници кои не учествуваат. Училиштето ги идентификува потребите врз основа на белешките, но и за стручни напредување, наставниците треба да ја презентираат потребата од различни области од процесот на учење на ниво на активности со цел дополнителни обуки од акредитирани здруженија со кои се овозможува на наставниците да бидат опремени со сертификат или сертификација; како и формирана комисија за евалуација на активностите на наставниците за професионално напредување. Оваа учебна година нашите стручни соработници и сите наставници присуствуваа во сите Онлајн семинари што беа организирани од страна на БРО со ГОПА тренинзи и беше многу корисно за подготвување на планови и програмите на наставниците.
	Тема: 7.3.3. Материјално-технички средства Училиштето навреме ги идентификува потребите од материјално-технички средства и постојано ги планира и обезбедува. Постојните алатки за конкретизација како што се паметните табли се во функција и се користат од голем број на наставници. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно тековно одржување. Училиштето навреме ја идентификува потребата од материјално-технички средства и, колку што е можно, приоритетно ги обезбедува потребните средства. Работат 3 компјутери и 4 лаптопи за администрацијата, 20 лаптопи за наставници, 5 печатачи кои ги опслужуваат потребите на учениците и наставниците, од кои повеќето врз основа на активно учење се подготвени од наставници и ученици. Училиштето има план и се залага за задоволување на потребите на учениците и наставниците по сите предмети за најдобар ефект од процесот на учење.
	Тема: 7.3.4 Инфраструктура Училиштето постојано и темелно го ревидира планот за подобрување на инфраструктурата од кој се обезбедуваат средства од локалната самоуправа, МОН и од приватни донатори, бизнисмени, граѓани кои помагаат во разни случаи како љубители на образованието и се сметаат за активисти, но училиштето во повеќето случаи соработува со локалната самоуправа за потребите за подобрување на инфраструктурата.

Резултати: Јаки страни:

 Училишниот совет се конституира со прописи и одржува состаноци во согласност со прописите на советот и соработува со сите училишни структури,

 Управниот орган - директорот јасно раководи и насочува со училишната работа и активности со јасни визионерски дефиниции со цел да се подигне квалитетот на училишната работа

 Училиштето има јасно дизајниран развоен план кој функционира и ја одразува мисијата и визијата за училишните вредности

 Училиштето има добра соработка со локалната самоуправа за модернизација на инфраструктурата

Слабости

Советот на родители треба да биде по ангажиран во училишните работи и задачи,

 Училиштето треба да вложи напори за поуспешен ангажман за тимска работа во училиштето,

 Училишниот двор да биде уреден врз основа на план, хортикултурни стандарди и хортикултурно

Анализа на резултатите:

Во училиштето директорот на училиштето ја води, надгледува и раководи работата и органите за работа. Училиштето има училишен совет и совет на родители. Во училиштето целосно е разјаснета поделбата на трудот и јасно се дефинирани раководните обврски. Раководството во училиштето е многу добро организирано, со што целото планирање е речиси завршено, потребите се реализирани и исполнети се обврските на современо училиште. При евалуацијата сите вработени изјавија дека се задоволни од начинот на водење, поддршка, следење, комуникација, тимска работа при планирање, организација, лидерство, тимска работа и контрола како главни компоненти на менаџментот во институцијата. Во програмата за работа на училиштето јасно се дефинирани целите и задачите на училиштето во согласност со воспитно-образовната политика, локална и државна, што е потребно за најефикасна реализација, создавање на најдобри услови, особено во планирање и подготовка на некои интерно-училишни програми за поуспешна организација и реализација. Образовниот кадар, родителите, учениците се информирани за целите и образовните вредности, поради што е потребно училиштето да најде начини за информирање на целите, јасни и конкретни за реализацијата на четиригодишниот концепт.

Процедурите за креирање на училишната политика се јасни, при што одлуките на раководството се разгледуваат на состаноци со наставничкиот совет и се одобруваат од управниот совет. Мислењата на учениците се земаат предвид преку студентскиот парламент и родителскиот совет. Училиштето ги има сите нормативни акти - интерни програми - со кои се регулираат нормите на однесување на учениците, изрекувањето на педагошките мерки, оценувањето на учениците, а истите се засноваат на закон и статут. Освен што постои кодекс на однесување за ученици , има и кодекс за наставници и куќен ред за сите вработени, со кои треба да се направи напор да се разјаснат конкретните стратегии за реализација на целите.

Приоритетите на училиштето се планираат врз основа на анализи, евалуации, претходни извештаи (изминати години). Имајќи ги предвид условите со кои располага училиштето, обврските и законските должности во обезбедувањето квалитет во образованието,

училиштето подготвува и училишниот совет одобрува план за развој на училиштето. Развојниот план е добро дизајниран 2021/2024 година во кој се земени предвид резултатите од претходната самоевалуација 2021 година, советите од БРО, препораките од интегралната евалуација и резултатите од претходната надворешна евалуација.

Целите на планот за развој на училиштето се:

- Подобрување на инфраструктурата,
- Стимулација, промоција на вредностите на постигањата на учениците,
- Подигнување на квалитетот на процесот на учење преку активна настава,
- Обезбедување на училиштето со наставни и помошни алатки за ефективна настава.
- Поголема вклученост на родителите и учениците во училишната работа,
- Мотивирање и поттикнување на образовниот кадар во нивниот кариерен развој и професионален развој.

Вклучување на наставниците во различни проекти - тимска работа. Развојниот план содржи анализа на фактичката состојба на училиштето, визијата и мисијата на организацијата, различните области како можни приоритети, стратешката, развојната и конкретната цел на активностите, носителите на активностите, времето на реализација, ресурсите и планот за евалуација. Активностите планирани за училишните години се составен дел од програмата за работа на училиштето, која е конкретизирана преку развоен план. Сите наставници се информирани за процедурите за професионален развој во училиштето и училиштето има докази за учество на наставниците на интерни обуки и семинари организирани од БРО, УСАИД и други невладини проекти.

Училиштето има план за интерни обуки врз основа на приоритетите на развојниот план, го следи учеството на наставниците на семинари, но треба да се настојува да се активираат и ангажираат мал број наставници кои не учествуваат во активности од ваков тип.

Училиштето ги идентификува потребите врз основа на белешките, но за професионално напредување наставниците, врз основа на активностите или вештините, мора да ја презентираат потребата од различни области на процесот на учење со цел дополнителна обука од акредитирани здруженија, кои овозможуваат опремување на наставниците со сертификати или автентикација. Училиштето навреме ги идентификува потребите од материјално-технички средства и постојано ги планира и обезбедува.

Постојните алатки за конкретизација како што се паметните табли се во функција и се користат од голем број едукатори. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно тековно одржување. Училиштето навреме ја идентификува потребата од материјално-технички средства и, колку што е можно, приоритетно ги обезбедува потребните средства. Училиштето постојано и темелно го ревидира планот за подобрување на инфраструктурата со кој се обезбедуваат средства од локалната самоуправа, МОН. и од приватни - донатори, бизнисмени, граѓани кои помагаат во различни случаи како љубители на образованието, но училиштето во најголем број случаи има соработка и секогаш се повикува на локалната самоуправа за потребите за подобрување на инфраструктурата.

Во училиштето постојано има интерес, иницијатива и конкретни планови за инвестиции во училишната инфраструктура. Тие се попрецизно претставени во планот за развој и во соодветните области споменати претходно. Например: во последните денови се реновира паркингот на училиштето кои ќе биде од многу корист на вработените бидејќи секогаш имаа проблеми поради паркирањето на родителите и учениците.

Приоритетни активности на ова поле кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:

 Советот на родители и учениците се информирани за целите на училиштето, но главно не се вклучени во нивната реализација,
 Училиштето треба поселективно да го планира финансискиот план во материјално-техничките средства како и во подобрувањето на малата училишна инфраструктура во согласност со ревизијата и усогласувањето на планот.

Тим на професори: Неџми Ибраими _____

Мирдие Етеми _____

И секретар не училиштето: Ѓулумсер Демири _____

Училишната комисија конечниот извештај за извршувањето на постапката за самоевалуација на работата на училиштето ќе го достави до училишниот совет, директорот на училиштето и основачот, поточно општина Врапчиште и по електронски пат до ДИЦ.
Членови на комисијата:

1. Фатмир Ракипи - претседател. ----------

2. Неџми Ибраими – член ----------

3. Разије Бајрами – член ----------

4. Мелаат Салији – Адили – член ----------

5. Фикрет Халими – член на совет на родители. ----------

Извештај за извршена Самоеваулација за сопствената работа и постигање на

СОУ„ Неготино“- Неготино Полошко во период 2022-2023/ 2023 - 2024 учебни години со предлог на мерки за подобрување на квалитетот во воспитно-образовниот процес во училиштето

Врз основа на констатираните слаби страни од извршената целосна Самоевалуација на училиштето за учебните 2022/2023 и 2023/2024 години, со цел подобрување на квалитетот на наставата, училиштето ќе ги преземе следните активности:

1. Непречена примена на ИКТ технологијата во наставата преку достапен интернет во секое време преку набавка на оптички кабел
2. Примена на иновативни форми, методи и техники на учење од страна на сите наставници
3. Училниците да се доопремат со современи наставни средства и помагала
4. Континуирано збогатување и обновување на книжниот фонд во училишната библиотека со стручна литература, слободна литература и лектирни изданија
5. Континуирана работа и соработка на наставниците во рамките на стручните активи
6. Стимулирање поголем интерес кај родителите за присуство на родителски средби
7. Поголема соработка на наставниот кадар со Советот на родители во Училиштето
8. Почесто организирање часови по дополнителна и додатна настава со учениците кои имаат потреба за овие часови.
9. Набавка на музички инструменти
10. Потреба од подобрување на соработка на стручните активи од предметна настава
11. Изработка на програма за стручно (професионално) усовршување на вработените вклучувајќи и обуки за работа со деца со посебни образовани потреби, обуки за изработка на ИОП, обуки за професионален развој, обуки за подобрување на комуникациските вештини, обуки за иведување на онлајн настава, обуки за работа на проекти со предходно планирање во делот на финансовиот план на Училиштето за навремено обезбедување на средства за оваа намена
12. Организирање на обуки потребни за следење на новитетите во наставата, поинтерактивна настава и обука за нови пристапи кон методологијата во наставата
13. Организирање на обуки за изработка на издржливи проекти и пополнување на апликации за грантови, донации, фондови и конкурси
14. Советување на родителите за поголема вклученост во извршувањето на домашните задачи и активности на учениците
15. Поголемо експонирање на целокупните ресурси на училиштето пред родителите и учениците со цел да се спречи осипувањето на ученици
16. Организирање на предавања од стручни лица од релевантни институции наменети за родители на тема промени во адолесценцијата и промени при злоупотреба на наркотични средства, алхохол, интернет со цел превентивна заштита и од други девијантни појави
17. Изработка на стратегија за поголема вклученост во приватното јавно партнерство, се со цел подобрување на инфраструктурата на училишните објекти
18. Изготвување на стратегија за обезбедување на материјални средства за поддршка на учениците за нивните постигања

19. Изготвување на иницијатива за вклучување на родителите во воннаставните активности.
20.Редовна соработка и интерес за успехот на учениците, со посебен акцент на воспитната дејност
21.Зголемување на воспитната компонента на учениците преку поголема ангажираност на наставниот кадар (приоритетно одделенските раководители) во делот на континуирано воспитување на учениците
22.Зголемување на корелација помеѓу наставниците, родителите и учениците со стручната служба во училиштето, директорот и помошник директорот
23.Зголемување на бројот на индивидуални средби на наставниците со родителите
24.Подобрување на стручните компетенции преку размена на знаења и вештини
25.Континуирано информирање од страна на Секретарот на Училиштето и Директорот за законските измени, надополнувања, на воспитно-образовниот кадар во Училиштето
26.Примена на законските критериуми за вреднување на воспитно-образовниот кадар во Училиштето
27.Континуирано стручно усовршување на органите на управување и раководење со Училиштето
28.Континуирана соработка помеѓу учениците, родителите и воспитно-образовниот кадар во Училиштето
29.Организирање на практичната настава во стручната струка – медицинска сестра.
30.Подобрување на хигиената во училиштето.

Членови на комисијата:

1. Фатмир Ракипи - директор
2. Разије Бајрами – пом.директор
3. Мелаат Салији - Адили – психолог
4. Фикрет Халими – член во совет на родители
5. Нецми Ибраими - Претседател на Училишен одбор

Директор: Фатмир Ракипи

Претседател на Училишен одбор: Нецми Ибраими